**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
*Ул.„Јаким Стојковски” бр.*12210 Пробиштип
*Тел.:****032/483-131****; факс:****032/483-047***
www.probistip.gov.mk info@probistip.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
**Бр. 10– 1133/3 од 30.11.2021 год.**
Пробиштип

Врз основа на член 62 став (10) од Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ” бр.32/20, год.) и донесената Годишна програма за изработување на урбанистички планови на Општина Прбиштип за 2021 година со Одлука Број 26-928/16 од 30.11.2020 год., објавена во „Сл.Гласник” на Општина Пробиштип Бр.42/2020 год., донесена од страна на Советот на Општина Пробиштип, Градоначалникот на Општина Пробиштип го дава следното

# С О О П Ш Т Е Н И Е
## За спроведување на јавен увид по

## УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СО НАМЕНА Е1.13-ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ, ЗА ФОТОНАПОНСКА ЕЛЕКТРОЦЕНТРАЛА СО КАПАЦИТЕТ ДО 1 MW НА КП 2638, КП 2639 И ДЕЛОВИ ОД КП 2602, КП 2603, КП 2604, КП 2642 И КП 2643 КО ДОБРЕВО, ОПШТИНА ПРОБИШТИП

### Член 1

Се известуваат граѓаните на Општина Пробиштип дека се организира **Јавен увид по Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани, за фотонапонска електроцентрала со капацитет до 1 MW на КП 2638, КП 2639 и делови од КП 2602, КП 2603, КП 2604, КП 2642 И КП 2643 КО Добрево, Општина Пробиштип**, со Тех.Број 34-09/21 од ноември 2021, изработен од Друштво за трговија, производство, градежништво, услуги и консалтинг „ЧИП ГРОУП“ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје.

### Член 2

Проектниот опфат на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани, за фотонапонска електроцентрала со капацитет до 1 MW на КП 2638, КП 2639 и делови од КП 2602, КП 2603, КП 2604, КП 2642 И КП 2643 КО Добрево, Општина Пробиштип се наоѓа јужно од с.Добрево, покрај некатегоризиран земјен пат и до сега не бил опфатен со урбанистичка документација. На северозапад, во близина над проектниот опфат, поминува дел од регионалниот пат Р1309. Пристапот ќе се обезбеди од постојниот земјен пат од западната страна на проектниот опфат.

**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
*Ул.„Јаким Стојковски” бр.12*210 Пробиштип
*Тел.:032/483-131; факс:032/483-047*
*www.probistip.gov.mk* *info@probistip.gov.mk*

Границите на проектниот опфат се:

- На **североисток** се движи по дел од границата со КП 2633, скршнува надолу и продолжува по дел од КП 2637, по што продолжува по границите со КП 2636 и КП 2613, КО Добрево;
- На **југоисток** се движи по границата со КП 2612 и дел од КП 2610, скршнува нагоре и продолжува по границите со КП 2609 и дел од КП 2608 КО Добрево;
- На **југозапад** ги сече и поминува низ делови од КП КП 2604, КП 2603 и КП 2602, КО Добрево;
- На **северозапад** се движи по дел со границата на постојниот пат на КП 2914, по што скршнува десно и се движи по границата со КП 2641, ја следи границата со КП 2640, скршнува нагоре следејќи ја повтпрно границата со истата КП2640, по што ги сече и поминува низ делови од КП 2642 и КП 2643, КО Добрево.

Површината на проектниот опфат на урбанистичкиот проект изнесува **1.26 ха.**

Со овој урбанистички проект се планира градба од групата на класи на намена Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани. Во рамки на предметниот проектен нема изградени објекти и истиот не е опремен со комунална инфраструкутра.

Во границите на планскиот опфат планирана е **1 градежна парцела** со следните основни класи на намена:

-**Е-Градби од нискоградбата - инфраструктури**:

- **Е1.13**- Површински соларни и фотоволтаични електрани;
- **Е1-8**- Инфраструктура за пренос на електрична енергија-Трансформаторски станици (комплементарна намена);

со можност за вградување на компатибилни класи на намена на основните согласно Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 225/20).

Во рамки на градежната парцела планирани се вкупно **26** површини за градење, од кои **25** површини за градење во чии рамки е планирано поставување на фотоволтаичните модули како и **1** површина за градење за трафостаница како комплементарна намена.

Предвидена е сообраќајна површина во рамки на ГП (со заштитно зеленило помеѓу неа и границата на предметниот опфат).

## ЈАВЕН УВИД

**На Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани, за фотонапонска електроцентрала со капацитет до 1 MW на КП 2638, КП 2639 и делови од КП 2602, КП 2603, КП 2604, КП 2642 И КП 2643 КО Добрево, Општина Пробиштип,** изработен од Друштво за трговија, производство, градежништво, услуги и консалтинг „ЧИП ГРОУП“ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, со Тех.Бр. 34-09/21 од ноември 2021, ќе трае **15** (петнаесет) **дена**

**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
*Ул.„Јаким Стојковски" бр.1*2210 Пробиштип
*Тел.:**032/483-131**; факс:**032/483-047***
www.probistip.gov.mk info@probistip.gov.mk

во електронска форма, кој надлежниот орган го става на увид на јавноста со објавување на службената ***web*** страна на Општина Пробиштип ***www.probistip.gov.mk***, во периодот од **01.12.2021 год.** до **15.12.2021 год.**,за кое време може да се достават евентуални забелечки, секој работен ден од **7.30** до **15.30** часот во просториите на Одделението за Урбанизам при Општина Пробиштип.

Изготвил: Ј.Дукоска дна
Makedonski Telekom CA, Jordanka Dukoska
Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Jordanka Dukoska
DN: c=MK, o=Makedonski Telekom, cn=Makedonski Telekom CA, ou=OPShTINA PROBIShTIP Probishtip:4022005104678, serialNumber=CRT3550993, cn=Jordanka Dukoska
Date: 2021.12.01 14:09:14 +01'00'

Одобрил: Б.Станојковски дги
Makedonski Telekom CA, Branko Stanojkovski
Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Branko Stanojkovski
Date: 2021.12.01 14:31:01 +01'00'

**м.п.**

**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
**Градоначалник**
Драган Анастасов

Dragan Anastasov
Digitally signed by Dragan Anastasov
Date: 2021.12.03 07:51:05 +01'00'